# Клаузула за проширување на осигурителното покритие за време на привремено складирање на средствата

КЛ-крг-храм
12-1-мк

[1] Осигурителното покритие важи за пари за време на привремено складирање на средствата во просториите на лицето кое ги презема парите од праќачот, но не ги транспортира средствата веднаш кај крајниот примач, туку привремено ги складира. По завршеното складирање/чување на средствата, парите го продолжуваат патот до просторот на крајниот примач, кој што го извршува крајното преземање на парите.

[2] Осигурителното покритие според оваа клаузула важи само под услов парите да се складирани/чувани во посебно заклучено складиште (трезорски блиндиран простор, блиндирана благајна, ѕидани блиндирани ормари). Таквите простории за чување мора да имаат 24-часовно физичко и техничко обезбедување, видеонадзор и мора да бидат опремени со алармни уреди поврзани со полициска станица или со центар за интервенции.

[3] Осигурувањето според оваа клаузула може да се склучи само како облик на проширување на осигурителното покритие според Посебните услови за осигурување на пари за време на превоз.